# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **04.06. 2025 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 8** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за разрешување на член во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП "Погребални услуги" Свети Николе бр. 0801 – 1106 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 04.06.2025 година.

**Бр.0901- 1126**
**04.06. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) ) и член 26 од Законот за Јавните Претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 04.06. 2025 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување член на Надзорниот Одбор за контрола на матеререријалното –финансиско работење на ЈП "Погребални Услуги " – Свети Николе**

**Член 1**

Од член на Надзорниот Одбор за контрола на матеререријалното –финансиско работење на ЈП "Погребални Услуги " – Свети Николе се разрешува:

- Светлана Митрушов

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801-1106**
**04.06. 2025 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци бр. 0801 – 1107 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 04.06.2025 година.

**Бр.0901- 1126/2**
**04.06. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) ,во врска со член 8 од Законот за Меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24) и член 25 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 03/21),Советот на Општината Свети Николе, на седницата одржана на ден 04.06. 2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци**

Член 1

За членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Свети Николе и Општина Кавадарци за извршување на работни задачи и постапување по предмети од инспекциски надзор од областа на градежната инспекција од страна на Општина Кавадарци за потребите на Општина Свети Николе се именуваат:

1.Кирил Макаровски - општинска администрација
2.Мики Мишев - општинска администрација

Член 2

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 1107**
**04.06. 2025 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801 – 1108 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 04.06.2025 година.

Бр.0901- 1126/3
04.06. 2025 година
Свети Николе

Општина Свети Николе
Градоначалник,
Дејан Владев с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), и член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 04.06.2025 год., донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2025 година**

**Член 1**

**Советот на Општина Свети Николе донесе Одлука за дополнување** на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на Општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801 - 962 од 26.12.2024 год. со следниве урбанистички планови и плански документациии:

**УПВНМ**

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|
| 1 | Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти за мало стопанство к.п. 864/1, 868, 869, 870, 871, 872, 873, 874/2, 875/2, дел од 881, дел од 1585/1, 1585/2 м.в Беш Карач, КО Горобиници, Општина Свети Николе и на к.п. 882, 864/2, 866/1, 866/2, 866/3, 881/1, 881/2, 876 и делови од 4597/1, 888, 862 и 883 КО Горобинци,Општина Свети Николе | 9.78ха |

**Урбанистички проекти**

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|
| 1 | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена Г3.1 - Индустриски сервиси, сервиси за одржување на моторни возила, сервиси за ремнот на шински возила, сервиси за земјоделска и градежна механицазија на КП 1713/1, 1474/2 и дел од КП 1714/2 КО Свети Николе-вгр Општина Свети Николе | 4962м2 |

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Свети Николе,,.

Бр. 0801- 1108
04.06.2025 година
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,

Валерија Ивановска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2025 година за КП бр. 1062 за КО Амзабегово бр. 0801 – 1109 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 04.06.2025 година.

**Бр.0901- 1126/4**
**04.06. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), и член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 04.06.2025 год., донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2025 година за КП бр. 1062 за КО Амзабегово**

**Член 1**

**Советот на Општина Свети Николе донесе Одлука за дополнување** на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на Општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801 - 962 од 26.12.2024 год. со следниве урбанистички планови и плански документациии:

**Урбанистички проекти**

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|
| 1 | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1062, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе | 4772м2 |

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Свети Николе,,.

Бр. 0801- 1109
04.06.2025 година
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,

Валерија Ивановска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на КП бр.481/1, КП бр.481/2, КП бр.481/3, КП бр.482/1, КП бр.483 и КП бр.484/1, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе бр. 0801 – 1110 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 04.06.2025 година.

**Бр.0901- 1126/5** **Општина Свети Николе**
**04.06. 2025 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 04.06. 2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на КП бр.481/1, КП бр.481/2, КП бр.481/3, КП бр.482/1, КП бр.483 и КП бр.484/1, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВА Урбанистички проект со план за парцелација на КП бр.481/1, КП бр.481/2, КП бр.481/3, КП бр.482/1, КП бр.483 и КП бр.484/1, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе, со технички број 4056 од февруари 2025 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 2**

Предметниот проектен опфат се состои од 1 градежна парцела - ГП 1.0 која е составен дел на Урбанистички план за село Кадрифаково, Општина Свети Николе донесен со одлука бр. 0801-1087 од 29.04.2021 година од Советот на Општина Свети Николе.

Проектниот опфат се состои од 1 градежна парцела- ГП 1.0, со вкупна површина од 11224 м2.

**Член 3**

Намената на градба е превземена од постојниот Урбанистички план за село Кадрифаково, Општина Свети Николе донесен со одлука бр. 0801-1087 од 29.04.2021 година од Советот на Општина Свети Николе и истата е одредена како Г2 – Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален и графички дел од Урбанистички проект со план за парцелација на КП бр.481/1, КП бр.481/2, КП бр.481/3, КП бр.482/1, КП бр.483 и КП бр.484/1, КО Кадрифаково, Општина Свети Николе, со класа на намена Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија., со технички број 4056 од февруари 2025 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ Кавадарци.
- Извештај за стручно мислење од Комисија за урбанизам бр.1002-80/3 од 19.03.2025 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

Совет на општина Свети Николе
Бр. 0801- 1110 Претседател,
04.06.2025
Свети Николе Валерија Ивановска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за начинот и условите за поставување урбана опрема за вршење дејност на јавни површини на територијата на Општина Свети Николе бр. 0801 – 1111 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 04.06.2025 година.

**Бр.0901- 1126/6**
**04.06. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

## Одлука

## за начинот и условите за поставување на урбана опрема за вршење дејност на јавни површини на територијата на општина Свети Николе

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се уредуваат начинот и условите за поставување урбана опрема за вршење дејност на јавни површини, како и други прашања од значење за користењето на јавните повшрини на подрачјето на општина Свети Николе.

**Член 2**

Јавните површини се користат согласно нивната намена за општа употреба и за вршење на дејности од јавен интерес.

Јавните површини можат да се користат и за:

- Вршење на дејност пред деловни простории (трговија на мало, угостителски услуги, угостителски услуги од мал обем, занаетчиска дејност и друго),
- Вршење на дејност надвор од деловна просторија, односно на јавна површина што не е во непосредна врска со деловната просторија (трговија на мало, угостителски услуги, угостителски услуги од мал обем, занаетчиска дејност, изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби, одржување на хуманитарни, културни, спортски и други активности во рекламно-промотивна-информативна функција на плоштади и друг јавен простор во организација на заинтересиран субјект и друго),
- Поставување на урбана опрема, мебел и други подвижни објекти во функција на вршење дејност на јавни површини, како и други активности од локално значење;
- Одржување на хуманитарни, културни, спортски, изложбени и други активности по повод прославување на празници и одржување на манифестации во организација на општина Св.Николе.

При користењето на јавните површини може да се поставуваат подвижни објекти согласно условите, начинот и постапката утврдени со оваа одлука, како и согласно посебни проекти изготевни од страна на општина Свети Николе за определени јавни површини, односно спортско-рекреативни центри, парк-шуми, зелени површини, плоштад и друго.

**Член 3**

Поимите употребени во оваа одлука го имаат следното значење:

1. Јавни површини се простори дефинирани во урбанистичките планови и означени со регулациони линии, на кои се изградени инвестициони и други инфраструктурни објекти во општа употреба, како и воздушниот простор над нив.

   Како јавни површини, во смисла на оваа одлука, се сметаат и неизградени површини чија намена е за општа употреба, до реализација на нивната намена утврдена со урбанистичките планови.

2. Подвижни објекти е заеднички поим за означување на: монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција, мебел и урбана опрема, подвижни направи и апарати, при што:

   - монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно-информативни и други активности по повод празници и манифестации или за одреден временски период со намена за вршење трговија на мало, угостителски услуги од мал обем, занаетчиска дејност и друго;
   - урбана опрема и мебел се лесно подвижни елементи кои се поставуваат на јавна површина за определен временски период: тезги, штандови, шанкови, столови и маси со чадори за заштита од сонце, тенди и други направи, жардињери за цвеќе, граничници, опрема за забава, мобилни тоаелити и слично;
   - подвижни направи и апарати се колички за продажба на разни артикли, фрижидери и сандаци за замрзнување, угостиteслки и други приколки, автомати, направи за печење или варење на плодови, бини, шатори и слично што се поставуваат по повод разни манифестации, дејност на циркус, луна парк, забавни игри, автомобили и други производи изложени за промоција или игра на среќа и друго;

3. Дејност претставува секоја регистрирана дејност за која постои можност да се врши надзор од деловна просторија, доколку се исполнети пропишани услови и постапки, согласно закон и други прописи;
4. Слободна проодна површина е дел од јавната површина наменет исклучиво за движење на пешаци која не смее да се користи за вршење дејност, односно на која не смее да се поставуваат подвижни објекти;
5. Дозволена јавна површина е дел од јавната површина која ги исполнува стандардите и условите согласно оваа Одлука и други прописи, за поставување урбана опрема, подвижни објекти, односно за вршење дејност;
6. Заинтересиран субјект е физичко или правно лице што има намера да користи јавна површина за вршење дејност, односно за поставување подвижни објекти.

**Член 4**

Одредбите од оваа Одлука се применуваат и во случаи кога дејностите се вршат во или од објекти или земјиште во сопственост, но се користи јавна површина како манипулативен простор (шалтерски или друг вид на давање на услуги надвор од регулационата линија).

**Член 5**

Се забранува преземање на какви било дејствија и активности во смисла на користење на јавните површини, спротивно на оваа Одлука.

## II.ПОСТАПКА ЗА ДОБИВЊЕ ОДОБРЕНИЕ

**Член 6**

Поставување на урбана опрема се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема, издадено од Градоначалникот на општината.

Одобрението за поставување на урбана опрема на јавна површина пред деловната просторија ќе се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење на јавна дејност на јавна површина пред деловната просторија од страна на Градоначалникот на општина Свети Николе.

Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост, потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловната просторија.

**Член 7**

Времетрањето на одобрението за поставување на урбана опрема, може да биде:

- Дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.),
- Краткотрајно, за период од 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.),
- Сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговиј на мало и др.),
- Годишно, за период до 1 година (трговија, угостителство и др.).

**Член 8**

За добивање одобрение за вршење на дејност и за поставување урбана опрема, заинтресираниот субјект поднесува барање до општина Свети Николе.

Кон барањето се приложува:

- Заверен елаборат;
- Доказ за регулирање на плаќањето на комунална такса од член на оваа Одлука;
- Одобрение за вршење дејност на јавна површина пред деловната просторија согласно член 9 на оваа Одлука.

Елаборатот од став 2 алинеја 1 на овој член се изработува согласно пропишаните услови и стандарди и ги содржи следните податоци и прлози:

1. Назив и седиште, односно име и презиме и адреса на живеење на заинтересираниот субјект.
2. Извод од соодветниот регистар каде што е регистриран заинтересираниот субјект.
3. Доказ дека се исполнети минимално-техничките услови за вршење на дејноста и други услови пропишани со закон.
4. Имотен лист за деловната просторија пред која ќе се врши дејноста или доколи користење на јавна површина се бара за потребите на градилиште, акт за уредување и организација на градилиште.
5. Регистрација на дејност, лиценца и овластување од одговорниот проектант, за правниот субјект кој ја изготвува техничката дкументација.
6. Извод од ДУП за предметниот локалитет.
7. Технички опис.
8. Детален цртеж со опис на постојната состојба на површината на која се бара да се вршо дејност со околниот простор во размер од кој може лесно да се согледа ситуацијата ( 1:1000 или 1:500)
9. Детален цртеж со опис на новата ситуација на површината на која се бара да се врши дејност со околните објекти и елементи на комунална опрема и инфраструктура во размер (1:200 или 1:100).
10. Детален цртеж со опис на површината предвидена за користење (1:100 или 1:50).
11. Детали на урбана опрема што ќе се лоцираат на површината на која се бара да се врши дејност во размер (1:20 или 1:10)

**Член 9**

Врз основа на поднесеното барање, Градоначалникот издава одобрение за врење дејност на јавна површина пред деловната просторија. Ова одобрение е улсов за продолжување на постапката за добивање одобрение за поставување урбана опрема на јавна површина пред деловната просторија.

Одобрението за вршење дејност содржи особено:

- Назив и седиште, односно име и презиме и адреса на живеење на заинтересираниот субјект;
- Дејност што ќе се врши пред деловната просторија;
- Платена административна такса согласно Законот за административни таски;
- Времетраењето на одобрението за вршење дејност;
- Услови за престанок на важењето на одобрението пред истекот на рокот за кој е издадено

Издаденото одобрение за вршење дејност воедно значи и дадена согласност за поставување урбана опрема во границите на опеделената јавна површина.

**Член 10**

Доколку барањето и елаборатот се во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди утврдени со оваа Одлука, Одделението за комунални работи ќе ја утврди висината на комуналната такса согласно Законот за комунални такси и Одлука за утврдување на висината на комуналните такси и до заинтересираниот субјект ќе достави соодветна пресметка за плаќање на истата.

Пресметката од став 1 на овој член се изготвува во рок од 10 дена од денот на приемот на комплетираното барање, а заинтересираниот субјект е должен да ја плати во рок до 5 дена од приемот.

Доколку во рокот од став 2 на овој член не се плати комуналната такса, ќе се смета дека заинтересираниот субјект го повлекол своето барање за добивање одобрение за поставување на урбана опрема на јавна површина пред деловните објекти.

**Член 11**

По регулирањето на плаќањето на комуналната такса од член 10 на оваа Одлука, Градоначалникот на општината издава одобрение за поставување на урбана опрема на јавна површина пред деловните објекти во рок од 5 дена.

Одобрението за поставување на урбана опрема содржи особено:

- Назив и седиште, односно име и презиме и адреса на живеење на заинтересираниот субјект;
- Дејност што ќе се врши пред деловната просторија, односно за чие вршење се бара поставување на урбана опрема,
- Границите и површината на локацијата, односно на јавната површина на која ќе се поставува урбана опрема,
- Износот на наплатената комунална такса,
- Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема,
- Услови за престанок на важењето на одобрението пред истекот на рокот за кој е издадено.

**Член 12**

Одобрението за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

- Урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино поставување,
- Престане важењето на одобрението за вршење дејност,
- Не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени во вршењето на инспекциските работи во рамките на нивните овластување.

Во случаите од став 1 на овој член, ново одобрение нема да се издаде во наредниот период од 6 месеци.

**Член 13**

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за вршење дејност и за поставување урбана опрема, имателот на одобренијата не може да ја издаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

**Член 14**

Даденото одобрение за вршење на дејност и одобрение за поставување на урбаната опрема не значат ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

## III. СТАНДАРДИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНА ПОВРШИНА

**Член 15**

Со користењето на јавните површини за вршење на дејност и поставување на урбана опрема и други подвижни објекти не смее да се спречува или отежнува користењето на станбените и деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна

проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, мебелот и другите подвижните објекти, со својот изглед и форма, не смеат да го намалат естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава начистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

**Член 16**

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истата не смее да биде трајно прицврстена за облогата на нагазните јавни површини, а нејзиното поставување и отстранување треба да може да се изведе лесно, едноставно и без оштетување на подлогата.

Угостителските и деловни објекти на подрачјето на општина Свети Николе може да постават урбана опрема, согласно издаденото Одобрение за поставување на урбана опрема донесено од Градоначалник на општина Свети Николе. На одобрената локација може да се постави дрвена платформа-подлога со максимална висина од 15cm, со соодветна изолација од долната страна. Исто така во одобрените граници за користење на јавна површина може да се постави метална, пластична, дрвена или стаклена ограда. Во тој случај задолжително е истата да биде прицврстена на дрвена платформа-подлога

**Член 17**

Јавната површина што е дадена на користење мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

**Член 18**

При користењето на јавните површини не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат користењето на околните објекти и простори од јавен интерес, безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп, слободниот пристап на возила на јавни служби – противпожарно, амбулантно, полициско и комунално возило.

Лицата што имаат добиено согласност за користење на јавна површина не смеат да преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои ги менуваат материјалот и нивелетата на слободната проодна површина.

**Член 19**

При користењето на јавната површина пред деловните објекти каде што се врши дејност, поставувањето на подвижни објекти е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа одлука и други прописи.

По исклучок од став 1 на овој член , може да се користи и јавната површина пред соседни објекти, со писмена согласност од сопственикот на соседниот објект, заверена на нотар и доколку се исполнети условите од оваа одлука и други прописи.

**Член 20**

Минималната широчина на слободната проодна површина на тротоарите изнесува 1,5 метри и се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Кај пешачки улици, слободната проодна површина е средишниот коридор чиј попречен профил е минимум 2,5 метри.

**Член 21**

Поставување на подвижни објекти не е дозволено на делот од тротоарот на магистрална и собирна улица во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстосување на улиците, која изнесува минимум 8 метри од пресечната точка на двете регулациони линии.

**Член 22**

За заштита од атмосферски влијанија корисникот на дозволената јавна површина може да постави чадори, тенда или настрешница.

Минималната слободна височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 метри и истите поставени и отворени не смеат да ја надминат линијата на одобрениот простор, односно можат да ја наткриваат само одобрената површина и не смеат да бидат градежно прицврстени на подлогата.

Тендите се типски - монтажни елементи со роло механизам за собирање, конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина и истата смее да го наткрива само одобрениот простор за користење.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летни тераси минималната слободна височина изнасува 3,2 метри.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно – демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат градежно прицврстени на јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешница минималната слободна височина треба да изнесува 3.2 м.

Доколку се поставува настрешница, не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

**Член 23**

Минималниот манипулативен простор пред апаратите (банкомат, кафемат и др.) изнесува 1,50м х 1,50м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Член 24**

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за подвижни објекти од слободната проодна површина. Овие елементи се поставуваат со времетраење колку и одобрението за поставување урбана опрема, мебел и други подвижни објекти за комерцијална употреба, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

**Член 25**

Тезгите се лесно подвижни елементи на урбана опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определен со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи со пригодна намена ( Тодорички панаѓур, краткотраен период пред новогодишните празници). Не е дозволено продажба на храна.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветна на спецификатите на локацијата.

Максималната површина на тезгите  изнесува 2,0 до 4,0 $м^2$ метри квадратни и се поставуваат и отстрануваат по завршувањето на дејноста.

Висината на закупот за поставување на тезги за време на традиционалниот тодорички панагур,во времетраење од три дена, согласно позитивната законска регулатива изнесува 350.00 денари од $м^2$ дневно.

**Член 26**

